РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК – ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KSHPK – KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

До Државната комисија за спречување на корупцијата, доставено е барање мислење во однос на тоа дали член на совет на Општина може да биде лице кое е вработено во истата општина на работно место пожарникар во ТППЕ.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2019), го издаде следното

## МИСЛЕЊЕ

Согласно член 44 став (7) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси „На службено лице кое е вработено во локалната администрација, ако биде избрано за член на совет на општина, односно градот Скопје, работниот однос му мирува согласно со закон, со денот на верификацијата на мандатот на член на совет“.

Во член 44 став (3) од Законот за локалната самоуправа е утврдено дека членот на совет не може да биде вработен во општинската администрација на општината во која е избран.

Од наведеното произлегува дека, лицето за кое барате мислење потребно е да го стави во мирување работниот однос доколку одлучи понатаму да ја извршува функцијата член на советот на Општина или да се откаже од извршување на оваа функција.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Адреса: „Пресвета Богородица“ бр.3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk